Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 45, 27 август 2010 година

август 2010 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област трговско право на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................................ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од обласа финансии и сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................................ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област ентомологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................................ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ............. 35

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРГОВСКО ПРАВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТОТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 1702 -116/3 од 19.8.2010 година, донесена на 11. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултетот, одржана на 19.8.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област *трговско право* на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“, на 18.8.2010 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот проф. д-р Милан Илиески, вонреден професор на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот/ката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

По разгледување на приложените материјали и преземените претходни дејствија и согласноста од Ректорската управа за продолжување на постапката за предвремен избор на кандидатот, а во согласност со Законот за високото образование и правните општи акти на Универзитетот, Комисијата го поднесува следниов извештај.

На Конкурсот, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Лајм“ на 18.8.2010 година, за избор на наставник во сите звања по предметот Трговско право се пријави само кандидатот д-р Милан Илиески, вонреден професор на Економскиот факултет – Штип.

Во првиот циклус на студии д-р Милан Илиески изведува настава по предметите: Трговско право, Меѓународно договорно право, Социјална политика и пазар на трудот во ЕУ и Право и етика во здравствениот менаџмент.

Во вториот циклус на студии изведува настава по предметите: Права на потрошувачите, Права на конкуренција и правна регулатива на ЕУ.

Врз основа на членовите 132-136 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09) и членовите 6-10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни, наставно-научни, стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

(„Универзитетски гласник” бр.12/09), Рецензентската комисија утврди дека:

- Милан Илиески - доктор на економски науки доставил пријава со потребните документи во рокот утврден во Конкурсот;
- условите во објавениот Конкурс ги исполнува во целост.

Од приложените документи ја утврдивме и следнава фактичка состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Милан Илиески** е роден во 1944 г., во Прилеп, каде завршува основно и средно образование - гимназија.

Во 1969 г. завршува Правен факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 1976 г. го положува правосудниот испит во Скопје. Во 1989 г. на Правниот факултет во Скопје се стекнува со звање *магистар на правни науки од областа на граѓанското право*. Во 1996 г. се стекнува со научно звање *доктор од областа на економските науки* на Економскиот факултет во Прилеп, Универзитет „Свети Климент Охридски” – Битола.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Својата научна - едукативна кариера ја започнува на Економскиот факултет во Прилеп, како асистент на повеќе предмети од Катедрата за политичка економија, право за економисти и општествено-политичко уредување. Подоцна е асистент со право на настава по истите предмети.

По предлогот на професорот по Општествено политичко уредување, д-р Трајче Грујоски - претседател на Кадровската комисија на Собранието на Македонија, д-р Милан Илиески е избран за републички секретар на Советот за политички и економски прашања, функција еквивалентна на сегашен заменик-министер.

Како републички секретар продолжува со научна едукативна дејност на Економскиот факултет во Прилеп, со хонорарен ангажман.

По двегодишно успешно работење во Советот, професорот Илиески бил избран за член на Сојузниот координативен одбор на републичките и покраинските совети за политички и економски прашања во Белград.

Во составот на Сојузниот координативен одбор биле првите личности на државните централни политички институции и врвни научни и стручни авторитети, кои учествувале во критички анализи и решавање на отворени и начелни прашања во функционирање на политичко-економскиот систем на сојузната држава.

Во осумгодишниот ангажман во ова високо државно координативно тело, тој изворно и практично се запознава со политичката, правната и економската област. Таквото негово искуство е од особено значење за практичниот приод при предавањето на теоретско-политичка, правна и економска проблематика.

Во 1989 г., по предлог на професорот Никола Кљусев (прв председател на Владата на РМ), се вработува како помошник-секретар за управно-правни прашања.

Во 1992 г. е избран од Владата на РМ за председател на 4 владини комисии од областа на имотно-правните односи и катастар (Комисија за урбанизам и градежништво, Комисија за имотно правни прашања, Комисија за доделување на градежно земјиште и Комисија за запишување на правата на недвижност во катастар).

Професорот Илиески бил експерт на Светска банка за правните аспекти и управување со водните ресурси - земја и води во РМ (од 1995 до 1998 г.). Тој учествува во подготовка на два проекта за потребите на Светска банка - Вашингтон (Рехабилитација на хидросистемите за наводнување во РМ, права на водните ресурси и управување; Стратегија за развој на водните ресурси во РМ и нивно институционализирање).

Неговата објавена научна книга „*Води - економски и правни аспекти*" е прв омнибус за водите во Македонија. Кандидатот бил суперконтролор во процесот на приватизација на општествените претпријатија и извршува четириесетина супер контроли.

Професорот Илиески бил и арбитер во Арбитражниот суд во Стопанска комора на Македонија.

Кандидатот е консултант во повеќе трговски друштва во земјава и во странство, застапник е и полномошник во судски постапки во РМ и во странство. На Високата воена школа во Белград завршува генералски курс за команданти на територијална одбрана на Македонија. Кандидатот е потпретседател на Управен одбор и потпретседател на Надзорен одбор во две акционерски друштва во Македонија.

Како резултат на содржински разновидното ангажирање, професорот Илиески постигнува солидни педагошки, стручни и научни резултати и тоа: во образовниот процес со студентите, во научноистражувачката дејност, стручно-апликативната дејност и организациската дејност.

Професорот Илиески бил помлад асистент, асистент, доцент и три години и седум месеци вонреден професор, продекан на Правен факултет при Универзитетот ФОН во Скопје, раководител на Институтот за политички и правни науки на ФОН, главен и

одговорен уредник на Универзитетскиот билтен на ФОН, бил и декан на Факултетот за политички науки и јавна администрација на Европскиот универзитет - Скопје, како и проректор за наука и односи со други научни установи.

Илиески бил и член на Научниот совет за екологија при Владата на РМ, член на Правниот совет при Владата, а сега е член на Извршниот одбор на Европското движење во РМ.

Рецензент е при избор на повеќе соработници - доценти и професори, книги, учебници и други трудови. Член е на комисии за одбрана на магистерски и докторски студии.

До изборот за вонреден професор, кандидатот Илиески изработува над триесет научни и стручни трудови, кои се рецензирани при поранешните избори за доцент и вонреден професор.

***Трудови по изборот во звање вонреден професор***

1. „Трговско право“ - учебник, септември 2007 г., Скопје.
2. „Трговско право“ - учебник, второ изменето и дополнето издание, 2009 г., Штип.
3. „Прирачник за трговско право“, рецензиран, 2010 г, Скопје.
4. „Интегриран бизнис модули 1-2-3“, учебник, коавтор, 2010 г., Скопје.
5. „Меѓународно договорно право“, учебник, октомври 2007г., Скопје.
6. Меѓународно договорно право,учебник,второ изменето и дополнето издание, во подготовка за септември 2010 г., Штип.
7. Уставно право, скрипта, 2008 г., Скопје.

***Трудови презентирани и објавени на меѓународни конференции и семинари:***

1. „Туризмот во XXI век од аспект на климатските и општествени промени, иднина на туризмот и на деловното право за туризмот“, *Меѓународна конференција за туризмот на XXI век*, Скопје, објавен во зборник 2008 г.
2. „Правниот систем во РМ и негова хармонизација со директивите на ЕУ”, *Меѓународна конференција во Охрид*, во организација на Европска унија и Републичкото движење за ЕУ - воведен збор и раководител на работна група.
3. “Some challenges for future engineering in Macedonia related to sustainable development of wather” Johannesburg, Africa 2008, коавтор, 2008 г.
4. Curent economic and legal developments in Macedonia the opportunities for ongoing business and academic, Researrrch Center, Seattle, WA, USA, december 2009 г., предавање.

Земајќи го предвид предходно наведеното, констатиравме дека професор Милан Илиески за три години и седум месеци, како вонреден професор, објавува повеќе научни трудови и презентира научни трудови на меѓународни конференции.

Во овај контекст од особена важност е неговото богато научноистражувачко искуство, долгиот работен стаж, богатата научна и стручна оспособеност. Научната област која е специјалност на кандидатот е и дефицитарна во рамките на научниот кадар во Македонија.

Во моментов, кандидатот е професор на додипломски студии по предметот за кој конкурира, а на постдипломските студии на Економскиот и Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип предава предмети од неговата област.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложените материјали, разгледувајќи ја наставно-образовната и научноистражувачката активност на пријавениот кандидат по предметот Трговско право, Комисијата едногласно го предложува за избор кандидатот д-р Милан Илиески.

Релевантноста и респективноста на предходниот став во експлицитна форма може да се аргументира со следниве индикатори:

Кандидатот д-р Милан Илиески со својот безпрекорен ангажман во наставниот процес одржува настава и испити под контрола на предметниот наставник, а подоцна како предавач на разни школи и универзитетски центри, како доцент и сега како вонреден професор по овој предмет, така и со целокупниот творечки опус се промовира во личност која во себе подеднакво инкорпорира педагог-истражувач и научник.

Научните и стручни сознанија, кандидатот ги применува во наставата и во демократските форми на органите на власта во Македонија. На тој начин се потенцирани и докажани неговите квалитети за комуникација, тимска работа и практична примена на современите текови во областа на економско-правните науки.

Креативната љубопитност, темелниот пристап, систематичноста и особено високата професионална свест во извршување на поставените задачи се основни особини што го обележуваат интелектуалниот код на д-р Милан Илиески.

Неговите толерантни контакти со студентите, соработниците и претпоставените, како и методите на наставата и успешното извршување на наставата како вонреден професор, се клучните премиси за избор на универзитетски наставник во повисоко звање. Ако кон ова се додаде и неговото вродено чувство за автентичен и недогматски пристап при создавање на научни дела, евидентно е дека станува збор за кандидат со несекојдневни творечки способности.

Во прашање е кандидат кој одамна ги надминал научните детерминираности на својата средина со широкиот радиус на владеење со научната област, што му овозможува континуирана комуникација со пошироката светска научна јавност. Во таа смисла, д-р Милан Илиески искуствата и стекнатите сознанија од учество на меѓународни проекти за потребите на Светска банка, на светски меѓународни конференции, предавања, советувања, семинари, судови, арбитража и трибини ги користи за да ги имплементира во нашата средина.

Се зема предвид дека во неговата сфера на интерес не се само трговското право и меѓународното договорно право, туку е и следење и проучување и активно учество во транзиционите процеси во земјата како политички процес од една страна и следење и имплементирање на интернационалните параметри за економско-правниот процес во функционирање на политичкиот систем и утврдување на валоризацијата на природните ресурси, како основен фактор и незаменлив фактор за економски развој на една држава. Со сето ова недвосмислено и јасно е афирмиран во неговата научна книга „Водите - економско прави аспекти“, како прв омнибус во Македонија од оваа област, а по изборот за вонреден професор и во неговите учебници „Трговско право“ и „Меѓународно договорно право“, кои директно се поврзани со предметот за кој конкурира. Овие дела д-р Милан Илиески го легитимираат како научник кој дава непроценлив придонес не само во трговското право во Македонија, туку и во однос на целокупната општествена научна мисла. Кон сето ова треба да се додаде дека д-р Илиески има голем број на јавни настапи во дневни весници, списанија и телевизија за популарно претставување на прашањата и проблемите од неговиот научен опус.

Земајќи го предвид широкиот дијапазон на интерес и активности како личност, научник и истражувач, впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален изглед е неспорен.

Респектирајќи ги сите наведени особености и телото на Универзитетот задолжено за усогласена примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериуми

и постапка за избор во сите наставно научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот, даде позитивно мислење за кандидатот и го достави до Ректорската управа која се согласи со мислењето и одлучи да се продолжи постапката за предвремен избор во повисоко звање на кандидатот Илиески.

Пријавениот кандидат е избран за вонреден професор на 22 јануари 2007 г. Со својата наставна и научна работа особено придонел за примената на наставно-научната дејност за која е избран и има објавено седум научни и стручни трудови по истекот од најмалку една половина од времето за кое бил избран како вонреден професор.

Комисијата констатира дека двата императивни услова од чл 136 од Законот за високото образование и чл 9 и 28 од Правилникот за критериуми и постапка за избор во сите наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот, кандидатот ги исполнува.

Според условите во чл 9, ст. 3 од Правилникот, кандидатот треба да има минимум сто поени од наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организационо-развојна дејност (САОР). Согласно со чл. 28 од Правилникот, за предвремен избор во звање редовен професор е утврден и посебен услов, кандидатот да има 30% повеќе поени од определените или минимум 130 поени.

Кандидатот Илиески во целокупната актива (НО+ НИ+ САОР) има 279,9 поени.

Врз основа на гореизложеното, Рецензентската комисија има посебна чест на Универзитетскиот сенат да му предложи да донесе одлука за избор на **д-р Милан Илиески за наставник по предметот Трговско право во звање редовен професор.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Тито Беличанец – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Тодоров – член, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески – член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ НА ЗВАЊЕ

| | | Поени | |
|---|---|---|---|
| Ред. број | Наставно-образовна дејност | во земјава | во странство |
| 1 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник | 30 | / |
| 2 | Превод на учебник | / | / |
| 3 | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум | 8 | / |
| 4 | Интерна скрипта од предавања | 4 | / |
| 5 | Интерна скрипта од вежби | / | / |
| 6 | Основен школски или средношколски учебник или научнопопуларна книга | 10 | / |
| 7 | Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.) | 6 | / |
| 8 | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 8 | / |
| 9 | Научнопопуларна статија во стручно - методско списание | / | / |
| 10 | Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 1,5 | / |
| 11 | Ментор на одбранет докторат | / | / |
| 12 | Ментор на одбранета магистерска работа | / | / |
| 13 | Ментор на одбранета специјалистичка работа | / | / |
| 14 | Ментор на одбранета дипломска работа (Макс. 7) | 7 | / |
| 15 | Член на комисија за одбрана на докторат | 8 | / |
| 16 | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа | 2 | / |
| 17 | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 1,4 | / |
| 18 | Раководител на семинар | / | / |
| 19 | Раководител на студент или учебник во учество на студентска или ученичка манифестација | / | / |
| 20 | Член на комисија на ученички или студентски натпревари | 1,5 | / |
| 21 | Основач на наставна лабораторија | / | / |
| 22 | Воведување нов специјален (стручен) наставен предмет | / | / |
| 23 | Воведување вежби по нов специјален (стручен) наставен предмет (преку елаборат) | / | / |
| 24 | Воведување нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата | / | / |
| 25 | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 48,5 | / |
| 26 | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | / | / |
| 27 | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | 10 | / |
| 28 | Одржани вежби на постдипломски студии по одржан курс | / | / |
| 29 | Визитинг-професор во странство (најмалку еден семестар) | / | / |
| 30 | Рецензент на соработници и наставници | 15 | / |
| 31 | Организатор на летна школа | / | / |
| 32 | Статија во наставно - образовно списание | / | / |
| 33 | Рецензент на труд од областа на наставно - образовната дејност (СЦИ/ЦА/останати) | / | / |

| | | Поени | |
|---|---|---|---|
| Ред. број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | во земјава | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга | 10 | / |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | / | / |
| 3 | Прегледен труд (СЦИ/ЦА/останати) | / | / |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | / | / |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 | / |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | / | / |
| 7 | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | / | / |
| 8 | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт | / | 3 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат, концерт во земјава и во странство | / | / |
| 10 | Одбранета докторска теза | / | / |
| 11 | Одбранета магистерска работа | / | / |
| 12 | Раководител на научен проект | / | / |
| 13 | Учесник во научен проект | 4 | / |
| 14 | Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | / | / |
| 15 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/ останати) | 2 | / |
| 16 | Уредник на зборник на трудови | / | / |
| 17 | Уредник на зборник на трудови од научен собир | / | / |
| 18 | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | / | / |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | / | / |
| 20 | Основач на научна лабораторија | / | / |
| 21 | Награди - признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди | / | / |
| 22 | Студиски престој во странство | / | / |
| 23 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 8 | / |

| | | Поени | |
|---|---|---|---|
| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | во земјава | во странство |
| 1 | Книга | / | / |
| 2 | Поглавје од книга | / | / |
| 3 | Речник | / | / |
| 4 | Стручна монографија | / | / |
| 5 | Труд во стручно (научно - популарно) списание | 8 | / |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 4 | / |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир | 4 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Учество на стручен собир со реферат | 6 | / |
| 9 | Уредник на стручно списание | / | / |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | / | / |
| 11 | Уредник на зборник на трудови од стручен собир | / | / |
| 12 | Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | / | / |
| 13 | Учесник во научен проект (максимум во три проекта) | / | / |
| 14 | Прифатени иновации, патент | / | / |
| 15 | Техничко унапредување | / | / |
| 16 | Изработен и рецензиран програмски пакет | / | / |
| 17 | Елаборати и експертизи | / | / |
| 18 | Изготвување на извештаи од анализи | 3 | / |
| 19 | Стручни награди и признанија | / | / |
| 20 | Ректор | / | / |
| 21 | Проректор | 15 | / |
| 22 | Претседател на универзитетски или владини тела | 10 | / |
| 23 | Декан | 12 | / |
| 24 | Продекан | 8 | / |
| 25 | Шеф на институт | 4 | / |
| 26 | Раководител на завод | / | / |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 15 | / |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | 2 | / |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | / | / |
| 30 | Член на институтски орган, комисија, класен раководител, согласно со Кредит-трансфер системот - ЕКТС | / | / |

**ВКУПНО:** **279,9**